**Ило Трајковски**
**Институт за социологија**

# ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА

## 1. Местото и дефинирањето на политичката партиципција во социологијата

Учеството на граѓаните во формирањето на вредностите кои го насочуваат нивниот општествен живот и во создавањето и управувањето со општествените институции со кои се остваруваат тие вредности е една од клучните карактеристики на демократијата Овој аспект на продукцијата и репродукцијата на општествениот живот во политичката социологија и политикологијата вообичаено се означува со синтагмите политичко учество и политичко ангажирање, или, политичка партиципација (од англ. political participation).

Социолошкиот интерес за учеството на граѓаните во политичкиот живот и политичкиот процес, меѓу првите, го промовираше Алексис де Токвил. Сумирајќи ги сознанијата од неговиот престој во Соединетите Американски Држави во периодот меѓу 1831 и 1832 година, Токвил заклучи дека тие се најдемократското општество во деветнаесетиот век. Притоа, аргументирајќи ја својата оценка, тој укажа на значајноста на еднаквоста на шансите и на степенот на економската благосостојба на американските граѓани - ги има предвид само белците - но ја нагласи важноста на здружувањето на граѓаните заради нивно учество во политичкиот живот на општеството.

Врз основа на оценките за демократските вредности на учеството на граѓаните во политичкиот живот, политичката социологија се зафати со оваа тема уште при нејзиното конститутирање како посебна наука. Денес, исто така, степенот и начинот на политичкото ангажирање на граѓаните е една од нејзините централни теми. Во прилог на тоа говори оценката на Сејмор Мартин Липсет, еден од основачите на политичката социологија. Тој во неговата позната статија, посветена на прашањето за социјалните предуслови на демократијата, напишана во 1967,

нагласува дека *партиципативната култура* или *културата на учеството* е една од основните претпоставки на демократијата. Оваа своја оценка Липсет ја повтори и аргументирано ја образложи триесет години потоа, во неговиот труд посветен на преиспитувањето на социјалните претпоставки на демократијата.

Заклучокот за континуираниот интерес на истражувачите на политиката за учеството на граѓаните во политичкиот процес исто така се потврдува и со местото на оваа појава во делата на други автори. Меѓу најзначајните и највлијателните секако, треба да се споменат Сидни Верба и Норман Нај. Тие, заедно со уште неколкумина други политиколози и социолози, во 1995 година, ја објавија статијата, "*Партиципацијата не е парадокс*". Истата година ја објавија и книгата *Глас и еднаквост: граѓанскиот волунтаризам во американската политика*. Во двете дела ги обновуваат аргументите во прилог на значајноста на истражувањето на политичката партиципација на граѓаните изнесени во нивната книга *Партиципацијата во Америка*, објавена пред дваесет и пет години.

Ова го оправдува обидот за изведување на поимот политичка партиципација токму врз овие и други, од нив поттикнати, автори и дела. Во согласност со овие извори политичката партиципација може да се дефинира како оној ***облик на индивидуални или групни политички активности на граѓаните насочни кон постигање на влијание врз кадровското екипирање, одлуките и акциите на политичките власти***.

Со ваквото дефинирање на политичкото учество се овозможува разграничување на оваа појава од други граѓански, но неполитички акции. Такви се, на пример, акциите на граѓаните насочени кон постигање влијание врз фондации, здруженија на граѓани, стопански субјекти, општата јавност и сл. Истовремено дефиницијата го всредоточува вниманието врз акциите, односно дејствата, а не врз психолошките основи какви што се, на пример, политичите вредности и ориентации на граѓаните со кои се осмислува политичкото дејствување. Тоа, секако, не значи негирање на важноста на психолошките моменти на политичкото дејствување, туку целно теориско раздвојување на едното од другото заради насочување на аналитичко-истражувачките

настојувања кон стварните, објективните и мерливите страни на политичко однесување на граѓаните.

Ваквото сфаќање на политичката патиципација е основа за нејзиното вреднување како една од најзначајните карактеристики на демократскиот политички систем - оценка која бара поширока елаборација.

## 2. Демократската смисла и значење на политичката партиципација

Смислата во значењето на политичката партиципација за остварувањето на вредностите на демократското политичко организирање на општеството, може да се оценува нормативно и аналитички. ***Нормативната*** страна се открива во два момента. Прво, учеството на граѓаните во политичкиот процес е еден од основните начини на ***комуникација*** меѓу граѓаните и политичката власт. Се смета дека, учествувајќи во политичкиот процес и политичките институции, граѓаните се во состојба да ѝ ги претстават своите интереси, потреби, ставови и проблеми на државната власт и на тој начин да влијаат врз нивното задоволување или решавање. Второ, учеството на граѓаните во политичкиот живот е еден од механизмите за ***легитимизација*** на политичкаа власт и на политичкиот систем. Излегувањето на изборите, на пример, најчесто се чита и како знак за лојалност на граѓаните кон политичкиот систем и за негова прифатеност како канал за остварување на потребите и за решавање на спорните прашања.

Врз основа на овие идеи повеќемна автори, на пример, докажуваат дека интегрираноста и стабилноста на политичкиот систем претпоставува партиципативна политичка култура. Најдобар пример за тоа е местото на учеството на граѓаните во политката во демократските држави на античка Грција. За тоа, на пример зборува исказот на Перикле, кој опишувајќи го атинскиот поим за државјанинот или за политичкото суштество вели: "ние не велиме дека човекот кој не се интересира за политика си ја гледа својата работа, ние за таквиот човек велиме дека тој нема работа воопшто."

Меѓутоа, при валоризацијата на демократските потенцијали и значајноста на политичката партиципација, треба да се има

предвид дека решенијата на овој проблем варираат. Според едни повисокиот степен на политичка партиципација на граѓаните е неопходна претпоставка на демократијата, а според други демократијата може да опстои и да се развива при различни степени на политичка партиципација. И во двата случаи поимот политичка партиципација фунционира како спознајно и нормативно средство на претставничките теории за демократијата.

Втемелени врз идејата за политичката слобода, овие теории не ја одрекуваат важноста на учеството на граѓаните во политиката, но ја отфрлаат можноста и потребата од, т.н. непосредна или диркетна демократија и, наместо тоа, нормираат ***оптимализација*** на партиципацијата на граѓаните во политичкиот процес. Роберт Дал, на пример, докажува дека во големите, многумилионски општества непосредната демократија, во смисла на масовно и директно учество на граѓаните во политичкото одлучување не само што е невозможна, туку е и нефункционална. Таквото вклучување на граѓаните во политиката било можно во малите општества, како, на пример, античка Атина или слично.

Вториот, односно аналитичкиот аспект на оценката на демократските потенцијали на политичката партиципација најекспплицитно се открива во социолошките тематизации на претставничката демократија. Социологијата на демократијата поаѓа од премисата дека нормативниот титулар на власта, во општествата со демократски политички систем, т.е. "народот" е социјално раслоен. Тоа значи дека ***прашањата кој владее***, односно ***кој и колку учествува*** во политичкиот процес има за претпоставка анализа на ***условите и ресурсите*** за политичка партиципација на граѓаните.

Значајноста на овој аспект на ***демократските капацитети*** на политичката партиципација го откриваат две различни теориски и истражувачки традиции, ***марксистичката*** и ***плуралистичката***. Марксистички инспирираните истражувачи на демократијата, најрано укажаа на многуте пречки за квалитетно масовно и интензивно учество на граѓаните во политичкиот живот, откривајќи ја на тој начин формалноста на либералната демократија. Меѓу позначајните современи марксистички критики на претставничката демократија овде ќе ги споменеме придонесите на Н. Пуланцас, К. Патеман, и К. Макферсон. Нивниот придонес

кон тематизацијата на демократските потенцијали на политичката партиципација Д. Хелд ги сумира со поимот "партиципативна демократија."

Плуралистичката критика на политичката партиципација е составен дела на критиката на либералната теорија за демократијата која граѓаните ги сфаќа како атоми од кој секој индивидуално ги остварува своите интереси. Плуралистите ја критикуваат појдовната премиса на поимот политичка партиципација изведена уште од А. де Токвил. Наместо сведување на политичката партиципација на прашање на ***политичката моќ***, плуралистички инспирираните аналитичари на политичкиот процес посочуваат на ***отсуството на влијание*** на граѓаните во ***процесот на одлучување***. Неместо со посредство на политичката партиципација на граѓаните, плуралистите докажуваат дека политичкиот живот најдобро може да се разбере и опише како сложена интеракција меѓу многубројни групи. Плурализмот, како што пишува Петер Стеинфелс, признава дека демократијата не значи партиципација - како што за неа пишува во книгите - туку дека таа значи формални процедури и на тој начин, потчинување на граѓаните под "интересите" и неформалните спогодби кои елитите ги склучуваат меѓусебно во кулоарите.

## 3. Форми и степени на полтичка партиципација

При класификацијата на формите или како што уште се нарекуваат каналите на учество на граѓаните во политката се користат различни критериуми. Имајќи предвид дека една од најшироко прифатените типологизации на формите на политичка партиципација е онаа на Верба и Наи, во продолжение се прикажуваат нејзините основни елементи како и на некои позначајни доработки на истата.

Верба и Наи при типологизацијата на формите на политичката партиципација поаѓаат од четири основни критериуми или димензии на политичката партиципација:

- типот на влијание на односната политичка активност
- делокругот (дострелот) на резултатот кој може да се очекува
- количината на конфликт што ја вклучува активноста и
- количината на неопходна иницијатива за вклучување во неа.

Врз основа на овие димензии тие разликуваат два основни обрасци на на политичката партиципација: ***активна*** и ***пасивна***. Активните обрасци на партиципација се разграничуваат на ***изборни*** и **вонизборни** видови, при што секој од овие два вида има по две форми на партиципација. Изборните форми на партиципација се остваруваат во изборниот процес и тоа во форма на ***гласање*** и ***изборна агитација***. Вонизборната политичка парициипација се остварува во форма на општинска ***активност*** или во форма на ***персонализирани контакти*** со функционери.

Меѓусебно овие четири форми се разликуваат по некој или по соодвента комбинација на два или повеќе од погоре споменатите димензии на политичката партиципација. Најзначајна и најочигледна, секако, е разликата меѓу ***политички активните*** и ***политички пасивните*** граѓани. Меѓу овие два категори на граѓани некои политичари вметнуваат трета категорија, на ***средно активни*** граѓани, имајќи ги предвид, пред сé, граѓаните кои се активни само за време на изборите и тоа како гласачи.

Оваа категоријзација на граѓаните своја основа наоѓа во степенот на нивната политизација. Според овој критериум, Барелсон разликува три идеалтипски фигури на граѓани. Првиот тип кој воопшто не е заинтересиран за учество во политичкиот процес, Барелсон го означува како "***социјален човек***", вториот тип е реалативно политички активен и го означува како "***политички човек***" и третиот е непосредно и постојано вклучен во политката и го нарекува "***идеолошки човек***".

Врз основа на тоа колкава пропорција од населението може да се подведе под една од овие три категории, општествата можат да се класифицираат во три типа според степенот на политичката партиципација, односно според степенот на ***политичка активност*** или ***политичка пасивност*** или ***апатија*** на граѓаните. Демократскиот политички систем, според Барелсон, може стабилно да функционира само во општествата во кои значителен дел од населението е полтички пасивно или барем средно полтички активно. Тоа и според Липсет е претпоставка, но и доказ за доминација на консензусот во однос на конфликтот.

Во овој контекст треба да се нагласи дека истражувањата на политичката неактивност или политичката апстиненција покажуваат дека оваа појава не е можно да се објасни, без остаток, со теоријата за отуѓување на политиката. Така, на пример, споредбените анализи на оваа појава во Соединетите Американски Држави покажуваат дека Американците не се помалку задоволни од функционирањето на демократијата во нивните земји во споредба со другите. САД се наоѓа на дваесет и прво место според процентот на гласачи од вкупното население на возраст да гласа (или со право на глас). Одзивот на изборите за претседател во последните неколку избори се движи околу 51% од населението на возраст за гласање. Тоа претставува речиси 25% помалку од средното ниво во Велика Британија или Канада, 35% помалку во споредба со поголемиот дел на континентална Европа и 40% помалку од Шведска, Италија и Австрија, на пример.

Меѓутоа, анлизата на Артур Хедли покажува дека основната група на негласачи не е толку ***отуѓена*** колку ***одсечена*** од политиката. Според резултатите од неговото истражување, околу 35% од негласачите биле "***позитивни апатици***" кои се презафатени од личниот живот и просто не се занимаваат со политика. Тој нив ги опишува како "задоволни, образовани, но апатични" граѓани кои имаат повеќе доверба кон власта отколку населението во целина (40% од негласачите во споредба со 35% од оние кои гласаат веруваат дека на властите може да им се верува и дека главно функционираат правилно. Покрај за оваа категорија Хејдли зборува за уште три други категории на негласачи: "***политички импотентни***", кои ги карактеризира како луѓе кои веруваат во судбината, а не во политичката ефикасност, "***пренебрегнатите***", кои кон властите се однесуваат со претеран цинизам, не затоа што за нив политиката е одбивна, туку затоа што членовите на оваа група немаат воопшто никакви политички претензии и категорија во која спаѓаат оние кои биле ***спречени*** да гласаат заради низа од нив независни причини.

Не помалку значајни се и разликите помеѓу различните форми на активна партиципација или на учеството на граѓаните во политичкиот процес. Најпрво изборните и вонизборните форми

меѓусебно се разликуваат според степенот на нивната конфликтност. Изборите се многу конфликтна социјална интеракција па, според тоа, такви се и изборните форми на политичка партиципација. Друга карактеристика на изборната партиципација е тоа што тие вршат силен притисок врз властите, односно можат да значат промена на власта според моделот на казнување или награда. Трето, тие се специфични по тоа што произведуваат кумулативен, односно колективен исход и четврто, изборната партиципација е многу формална во комуницациска смисла. Спротивно на тоа неизборните форми на политичка партиципација се помалку конфликтни, вршат помал притисок врз властите, имаат локални или индивидуални ефекти и се понепосредни.

Разликите меѓу двете форми на изборна партиципација - гласањето и изборната агитација - се лоцираат, пред сé, во однос на нивото на неопходна инцијатива од страна на граѓаните за нивно изведување. Гласањето е партиципација која бара најмалку иницијатива, најмалку средства и време. Додека, пак, агитацијата за некоја партија или кандидат, од граѓанинот бара поголема инцијативност, поголем фонд на слободно време, а не ретко и средства.

Неизборните форми на политичка партиципација - општинската или провинциската активност и партикуларизираните или лични контакти - меѓусебно се разликуваат, пред сé, во однос на величината на очекуваните исходи. Кај провинциските полититички активност станува збор за здружена акција на повеќе граѓани заради постигање на некој групен интерсе кој може, но не мора да има и поширока општествена релевантност. За разлика од нив од личните контакти профитираат пред сé конкретни граѓани и нивните најтесни семејства.

Значајно е да се напомене дека споменатите форми на политичка партиципација не се исклучуваат една со друга. Најчесто граѓаните практикуваат некоја комбинација. Така, на пример, логично е да се претпостави дека граѓаните кои се активни во изборната кампања исто така ќе излезат на гласање или дека, благодарение на нивните поинтензивни контакти со партиските водства на општинско или државно ниво тие исто така ќе бидат во состојба да дејствуваат и вонизборно, а особено користејќи ги личните контакти со нив.

Покрај назначената типологизација на формите на политичка партиципација во литературата се среќаваат и други. Така, на пример, Лестер Милбарт разграничува три основни типови на политичка партиципација: ***гладијаториски***, ***преодни*** и ***посматрачки***. Во првиот тип тој вбројува шест форми на партиципација: вршител на јавна или на партиска функција, кандидат за вршител на јавна функција, поддржување на политички фонд, присуство на политички конгрес или конференција, активист на политичка партија и ангажирање во политичка кампања. Во преодни форми на политичка партиципација спаѓаат: присуствување на политички состанок, давање паричен придонес за некоја партија или кандидат, контактирање на функционер или политички водач. Како посматрачки форми на партиципација се издвојуваат: носење на партиски или пропаганден беџ или лепенка на кола, наведување на пријатели, колеги, комшии да гласаат на одреден начин, иницирање на политички разговор, гласање и следење на политички вести преку мас медиумите.

Некои автори разграничуваат ***индиректни*** и ***дирекни*** форми на политичка партиципација, а Т. Ботомор, и А. Орум, со слично значење, разграничуваат ***традиционални*** и ***современи*** форми. Погоре споменатите форми се примери за традиционална или индиректна политичка партиципација. Како типичен пример за директни или современи форми на политичка партиципација треба да се споменат социјалните и ***политичките движења***.

## 4. Емпириско истражување на политичката партиципација

Покрај кон теориско проучување на формите и смислата на политичката партиципација, социолошките истражувања се насочени и кон низа емпириски значајни димензии на политичката партиципација. Како такви најчесто се анализираат: потеклото на политичката партиципација, степенот и величината на влијание или на ефикасност на различните форми на партиципација. Социолошкото во истражувањето на овие и низа други димензии на политичката партицпација се состои во откривање на социјалните фактори на политичката партиципација.

Имено, социолошките истражувања покажуваат дека некои форми и канали на политичка партиципација се посоодветни за едни категории на граѓани отколку за други. Исто така, некои луѓе стануваат спонтано политички активни, а други се активираат само ако некој ги мобилизира или ги регрутира. Може да се рече дека постои одредена тенденција кон специјализација за еден или два слични типа на политичка партиципација и дека сепцијализацијата не е случајна туку социјално одредена. Оваа претпоставка се изведува од една од основните премиси на социологијата на политиката, премисата дека социјалните разлики меѓу граѓаните на политички план се изразуваат како разлики во политичките очекувања и аспирации во однос на власта.

Се рабира, не станува збор за некаков детерминизам, туку за одредени регуларности или статистички потврдливи корелации меѓу некои социјални белези и некои форми и степени на политичка партиципација. Политичкото преведување на социјалните разлики како што е познато се објаснува со различни теориски модели. Исто така, споредбените истражувања на каналите на политичката партиципација покажуваат дека во некои општества граѓаните се повеќе склони кон едни, а во други општества кон други форми на политичка партиципација. Последните разлики се објаснуваат, како со споредбените специфичности на политичките системи, така и со влијанието на традицијата и структуртурните карактеристики на општествата.

Меѓу најзначајните социолошки варијабили со кои се објаснува и се докажува социјалната основа на степенот, фрекфентноста или зачестеноста на различните форми на политичка партиципација, како и нивната ефикасност, секако, се социјалната стратификација, односно социоекономскиот статус, класната положба и со тоа поврзаната социјална подвижност, етницитетот, образованието, полот, религиозноста, резиденцијалниот статус, информираноста и т.н. Покрај нив во споредбените истражувања се анализира и влијанието на различните институционални аранжамани како, на пример, изборниот систем, степенот, видот и структурата на социјалните расцепи и т.н.

Методолошки, пристапот може да биде ***микро*** или ***макро***. Тоа зависи од тоа дали како единица на истражувањето ќе се дефинира однесувањето на граѓаните како индивидуи или пак некој агрегатен или колективен ентитет како, на пример, гласачко место, изборна единица, општина, етничка група, класа, нација и слично.

Притоа, зависно од појдовните теориски рамки и методолошкиот пристап, различните автори на различен начин ги операционализираат основните поими. Најчесто формите на политичка партиципација се скалираат, односно хиерархиски се класифицираат според различни критериуми како, на пример, степенот на нивната конфликтност или влијание, нивната фреквентност и т.н.

Сознанијата од ваквите емпирски анализи понатаму се користат како основа и рамка за истражување, нормирање и уредување на низа клучни социолошки апсекти на политичкиот процес и политичкиот живот во демократското општество. Такви се, на пример, ***политичката слоевитост*** (или политичката стратификација), ***распределбата на политичката моќ, политичката култура, репрезентативноста на политичките институции*** и слично.

Оценката за аналитичката, теориската и политичката вредност на ваквите и други социолошки истражувња на политичката партиципација е логичен теориски извод од две теорско-методолошки претпоставки врз кои е заснован социолошкиот поим и социолошката теорија за политичкото учество на граѓаните. Првата претпоставка е оставнина од А. де Токвил. Тој и истражувачите кои се под негово влијание претпоставуваат дека учеството на граѓаните во политичкиот процес само по себе значи и одредена количина на политичка моќ и дека количината на политичка моќ со која располага одередена индивидуа или група е одредена од начинот и степенот на нивното учество во политичкиот процес.

Втората претпоставка е, всушност, основната теориско-методолошка премиса на социологијата на демократијата. Според неа "народот" - нормативниот титулар на власта, во општествата со демократски политички систем - е социјално раслоен. Тоа заедно

со фактот дека демократскиот политички систем институционално се изградува врз основа на постулатот за одвојување на политичкиот од социјалниот живот значи дека прашањето ***кој владее*** треба да се допрецизира и да гласи, ***кој, колку може да владее*** и, оттука, ***кој навистина владее***? Во согласност со принципот дека демократијата, меѓу другото, значи и формална политичка еднаквост, решението на овој проблем има за претпоставка анализа на анатомијата на капацитетите и можностите, т.е ***моќноста*** да се учествува во политиката и на тој начин, моќта да се владее. Социологијата ги открива капацитетите на индивидуиите и групите за владеење со посредство на анализа на степенот и начинот на нивно учество и влијание врз кадровското екипирање и акциите на политичките власти.